# кажи ми нешто за исламот, за што нема да морам никого да прашувам после тебе?‘ Аллаховиот пратеник, алејхи селам рече: ‚Речи: Верувам во Аллах, а потоа биди истраен во тоа.‘“

Пренесено е дека Суфјан бин Абдулах ес Секафи, радијаллаху анху, рекол: „Прашав: ‚О, Алаховиот Пратенику, кажи ми нешто за исламот, за што нема да морам никого да прашувам после тебе?‘ Аллаховиот пратеник, алејхи селам рече: ‚Речи: Верувам во Аллах, а потоа биди истраен во тоа.‘“
[صحيح] [رواه مسلم وأحمد]

Асхабот Суфјан бин Абдула, радијаллаху анху, барал Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, да го подучи на нешто сеопфатно што ја опфаќа смислата на исламот, за тој цврсто да се придржува кон тоа, и да не прашува веќе никого. Пратеникот, алејхи селам, му рекол: Кажи дека Возвишениот Аллах е Еден и верувам дека Тој е мојот Господар, Господ, Создател и Единствениот кој заслужува да биде обожуван, Нему никој не Му е рамен. А потоа ќе биде истраен во покорноста кон Аллах, така што ќе ги извршува неговите наредби и ќе се оддалечи од неговите забрани, и перманентно ќе биде во таа состојба.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65018